## СТАТИСТИКИ












**Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија**

Бул. Партизански одреди бр. 29
Трговски центар Буњаковец, лок 15 (2 кат),
1000 Скопје, П.ФАХ 916

Тел: +389 2 3222 356




www.komoraoai.mk
contact@komoraoai.mk

Република Северна Македонија
# Комора на овластени архитекти и овластени инженери



## ЗА КОМОРАТА

Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (КОАИ) ги обединува сите инженерски струки во Република Северна Македонија и претставува единствена овластена институција која издава овластувања на архитекти и инженери од аспект на нивните професионални компетенции. Комората издава и потврди на овластувања на странски архитекти и инженери кои работат во државата.

Во Комората членуваат повеќе од 8.000 архитекти и инженери од кои околу 3.700 активно ги користат своите овластувања.

Органи на Комората се Собрание на Комората, Управен Одбор, Надзорен Одбор, Претседател на Комората кој е воедно и Претседател на Управниот Одбор и Стручни служби на Комората со кои раководи Генерален секретар.

Комората има активна улога во континуираниот професионален развој на архитектите и инженерите во РС Македонија.

Дополнително, Комората организициски и финансиски поддржува бројни инженерски симпозиуми, конгреси и други стручни настани организирани од други инженерски здруженија во државата.

Комората секоја година ги наградува најдобрите студенти на инженерски науки, со инженерски прстен под покровителство на Претседателот на Република Северна Македонија.

Во делокругот на работа, предвиден со Законот за градење, за цел да го заштити инженерскиот труд и да постигне негово правилно вреднување, Комората донесе Тарифник за вредноста на работите од урбанистичко планирање и Ценовник за инженерски услуги во високоградбата. Изготвен и доставен на усвојување од Владата на РСМ е и Ценовник за инженерски услуги за линиски инфраструктурни градби.

Комората во континуитет се залага за унапредување на иженерската професија, прави напори и ги мотивира младите архитекти и инженери да ја продолжат и развијат својата кариера во РС Македонија.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ ОДДЕЛЕНИЈА

Комората има 12 професионални одделенија за секоја инженерска струка, прикажани подолу редоследно според префиксот на издадените овластувања:

- Одделение на урбанисти и планери,
- Одделение на архитекти,
- Одделение на градежни инженери,
- Одделение на машински инженери,
- Одделение на електро инженери,
- Одделение на сообраќајни инженери,
- Одделение на инженери по геологија и геотехника,
- Одделение на инженери за животна средина,
- Одделение на геодетски инженери,
- Одделение за инженери по заштита при работа и противпожарна заштита,
- Одделение на технолози и металурзи и
- Одделение за енергетска ефикасност.

Покрај професионалните одделенија за државјани на РС Македонија, во Комората работи и Комисија за потврдување на странски овластувања.



## КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА

Комората за своите членови организира предавања и презентации кои овозможуваат континуирана надградба на нивните знаења. Организира практични обуки за користење на Ценовникот за високоградба, Тарификот за урбанизам. Организира полагање на стручен испит за урбанизам. Континуирано се спроведуваат обуки за користење на БИМ во насока на доближување на овој тренд до членовите, како и обуки за проектирање по Европските стандарди - Еврокодови.

## ВИЗИЈА

Позиционирање на Комората на овластени архитекти и овластени инженери како активен чинител во развојот на инженерската струка и зајакнување на улогата на инженерите во општеството и рамноправен и релевантен член на меѓународната инженерска заедница.

## ДЕЈНОСТИ

- Континуиран професионален развој на своите членови преку организација на обуки,
- Издавање и продолжување на овластаувања за домашни и странски инженери и архитекти
- Издавање на стручно списание ПРЕСИНГ
- Нострификација на странски проекти
- Подршка на стручни инженерски здруженија во државата
- Организирање на семинари, конференции и други стручни настани

## МИСИЈА

Комората да го искористи своето влијание и авторитет и преку соработка со релевантните институции да изврши унапредување на условите за инженерска работа, подобрување на законски и подзаконски акти во интерес на архитектите и инженерите во Република Северна Македонија.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Комората членува во Светската Федерација на Инженерски Организации (WFEO), Европскиот Совет на Инженерски Комори (ECEC), Инженерската Иницијатива за регионална соработка (IIRS), Европскиот совет на градежни инженери (ECCE), Советот за архитектура на Европа (ACE) и Меѓународниот совет за споменици и локалитети ИКОМОС Македонија.